Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
С. Македонија

Воронешки државен универзитет
Русија

Университет имени Гоце Делчева,
г. Штип, С. Македония

Воронежский государственный университет
Россия

Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Voronezh State University
Russia

Петта меѓународна научна конференција

Пятая международная научная конференция

Fifth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

8-9 октомври 2020 / 8-9 октября 2020 / 8-9 October 2020
Штип Штип Stip

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
С. Македонија
Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,
С. Македония
Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Воронешки државен универзитет
Русија
Воронежский государственный университет
Россия
Voronezh State University
Russia

Петта меѓународна научна конференција

Пятая международная научная конференция

Fifth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

8-9 октомври 2020 | 8-9 октября 2020 | 8-9 October 2020
Штип Штип Stip

ФИЛКО
FILKO

Петта меѓународна научна конференција
Пятая международная научная конференция
Fifth International Scienti c Conference

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# СБОРНИК СТАТЕЙ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

## ФИЛКО
## FILKO


**Јазично уредување**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонски јазик)
Марјана Розенфелд (руски јазик)
Биљана Иванова (англиски јазик)
Снежана Кирова (англиски јазик)
Татјана Уланска (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Костадин Голаков
Наташа Сарафова
Ирина Аржанова
Кире Зафиров



**Адреса на организацискиот комитет:**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Филолошки факултет**
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македонија

**Воронешки државен универзитет**
**Филолошки факултет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Русија



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.7(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција филологија, култура и образование (5 ; 2020 ; Штип)

Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип = Сборник статей / Пятая международная научная конференция ФИЛКО филология, культура и образование, 8-9 октября 2020, Штип = Conference proceedings / Fifth International scientific conference FILKO philology, culture and education, 8-9 October 2020, Stip. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", 2021. - 465 стр. ; 21 см

Трудови на мак., рус. и англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-787-2

1. Напор. ств. насл.
а) Културологија -- Собири

COBISS.MK-ID 52932613

**ОРГАНИЗАЦИСКИ КОМИТЕТ**

Драгана Кузмановска, Филолошки факултет при УГД
Жана Грачева, Филолошки факултет при ВГУ
Весна Коцева, Филолошки факултет при УГД
Татјана А. Тернова, Филолошки факултет при ВГУ
Виолета Димова, Филолошки факултет при УГД
Генадиј Ф. Ковалјов, Филолошки факултет при ВГУ
Костадин Голаков, Филолошки факултет при УГД
Лариса В. Рибачева, Филолошки факултет при ВГУ

**МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ**

Виолета Димова (Македонија)
Даниела Коцева (Македонија)
Драгана Кузмановска (Македонија)
Ева Ѓорѓиевска (Македонија)
Марија Кусевска (Македонија)
Силвана Симоска (Македонија)
Татјана Стојановска Иванова (Македонија)
Лариса В. Рибачева (Русија)
Софија Алемпиевиќ (Русија)
Татјана А. Тернова (Русија)
Татјана Атанасоска (Австрија)
Олег Н. Фенчук (Белорусија)
Јулиа Дончева (Бугарија)
Биљана Мариќ (Босна и Херцеговина)
Душко Певуља (Босна и Херцеговина)
Волф Ошлис (Германија)
Волфганг Моч (Германија)
Габриела Б. Клајн (Италија)
Михал Ванке (Полска)
Мајкл Рокланд (САД)
Даниела Костадиновиќ (Србија)
Селена Станковиќ (Србија)
Тамара Валчиќ-Булиќ (Србија)
Ахмед Ѓуншен (Турција)
Неџати Демир (Турција)
Шерифе Сехер Ерол Чал›шкан (Турција)
Карин Руке-Брутен (Франција)
Танван Тонтат (Франција)
Марија Рејес Ферер (Шпанија)

**Технички секретар**

Наташа Сарафова
Јована Караникиќ-Јосимовска
Ирина Аржанова

Главен и одговорен уредник

Драгана Кузмановска

**РЕДАКЦИОННЫЙ СОВЕТ**

Драгана Кузмановска, Филологический факультет при УГД
Жанна Грачева, Филологический факультет при ВГУ
Весна Коцева, Филологический факультет при УГД
Татьяна А. Тернова, Филологический факультет при ВГУ
Виолета Димова, Филологический факультет при УГД
Геннадий Ф. Ковалев, Филологический факультет при ВГУ
Костадин Голаков, Филологический факультет при УГД
Лариса В. Рыбачева, Филологический факультет при ВГУ

**МЕЖДУНАРОДНАЯ РЕДАКЦИОННАЯ КОЛЛЕГИЯ**

Виолета Димова (Македония)
Даниела Коцева (Македония)
Драгана Кузмановска (Македония)
Ева Гёргиевска (Македония)
Мария Кусевска (Македония)
Силвана Симоска (Македония)
Татьяна Стояновска-Иванова (Македония)
Лариса В. Рыбачева (Россия)
Софья Алемпиевич (Россия)
Татьяна А. Тернова (Россия)
Татяна Атанасоска (Австрия)
Олег Н. Фенчук (Беларусь)
Юлиа Дончева (Болгария)
Биляна Марич (Босния и Херцеговина)
Душко Певуля (Босния и Херцеговина)
Вольф Ошлис (Германия)
Волфганг Моч (Германия)
Мария Рейес Феррер (Испания)
Габриелла Б. Клейн (Италия)
Ева Бартос (Польша)
Михал Ванке (Польша)
Майкл Рокланд (США)
Даниела Костадинович (Сербия)
Селена Станкович (Сербия)
Тамара Валчич-Булич (Сербия)
Ахмед Гюншен (Турция)
Неджати Демир (Турция)
Шерифе Сехер Эрол Чал›шкан (Турция)
Карин Рукэ-Брутэн (Франция)
Танван Тонтат (Франция)

**Ученый секретарь**

Наташа Сарафова
Йована Караникич-Йосимовска
Ирина Аржанова

**Главный редактор**
Драгана Кузмановска

**Языковая редакция**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонский язык)
Марьяна Розенфельд (русский язык)
Бильяна Иванова (английский язык)
Снежана Кирова (английский язык)
Татьяна Уланска (английский язык)

**Техническое редактирование**
Костадин Голаков
Наташа Сарафова
Ирина Аржанова
Кире Зафиров

**Адрес организационного комитета**
**Университет им. Гоце Делчева – Штип**
**Филологический факультет**
ул. „Крсте Мисирков“ д. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македония

**Воронежский государственный университет**
**Филологический факультет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Россия
**Э-почта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-сайт:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**EDITORIAL STAFF**
Dragana Kuzmanovska, Faculty of Philology, UGD
Zhana Gracheva, Faculty of Philology, VGU
Svetlana Jakimovska, Faculty of Philology, UGD
Tatyana A. Ternova, Faculty of Philology,VGU
Violeta Dimova, Faculty of Philology, UGD
Genadiy F. Kovalyov, Faculty of Philology, VGU
Kostadin Golakov, Faculty of Philology, UGD
Larisa V. Rybatcheva, Faculty of Philology, VGU
**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**
Daniela Koceva (Macedonia)
Dragana Kuzmanovska (Macedonia)
Eva Gjorgjievska (Macedonia)
Marija Kusevska (Macedonia)
Silvana Simoska (Macedonia)
Tatjana Stojanovska-Ivanova (Macedonia)
Violeta Dimova (Macedonia)
Larisa V. Rybatcheva (Russia)
Sofya Alempijevic (Russia)
Tatyana A. Ternova (Russia)
Tatjana Atanasoska (Austria)
Oleg N. Fenchuk (Belarus)
Yulia Doncheva (Bulgaria)
Biljana Maric (Bosnia and Herzegovina)
Dushko Pevulja (Bosnia and Herzegovina)
Wolf Ochlies (Germany)
Wolfgang Motch (Germany)
Gabriella B. Klein (Italy)
Ewa Bartos (Poland)
Michal Wanke (Poland)
Danijela Kostadinovic (Serbia)
Selena Stankovic (Serbia)
Tamara Valchic-Bulic (Serbia)
Maria Reyes Ferrer (Spain)
Ahmed Gunshen (Turkey)
Necati Demir (Turkey)
Şerife Seher Erol Çalişkan
Karine Rouquet-Brutin (France)
That Thanh-Vân Ton (France)
Michael Rockland (USA)
**Conference secretary**
Natasha Sarafova
Jovana Karanikic-Josimovska
Irina Arzhanova
**Editor in Chief**
Dragana Kuzmanovska

**Language editor**
Danica Atanasovska-Gavrilova (Macedonian)
Maryana Rozenfeld (Russian)
Biljana Ivanova (English)
Snezana Kirova (English)
Tatjana Ulanska (English)
**Technical editing**
Kostadin Golakov
Natasha Sarafova
Irina Arzhanova
Kire Zafirov

**Address of the Organizational Committee**
**Goce Delcev University - Stip**
**Faulty of Philology**
Krste Misirkov St. 10-A
PO Box 201, Stip - 2000, Republic of Macedonia

**Voronezh State Universiy**
**Faculty of Philology**
10 pl. Lenina, Voronezh, 394006, Russia
**E-mail:** filko.conference@gmail.com
**Web-site:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

## СОДРЖИНА / СОДЕРЖАНИЕ / CONTENT

1. **Suzana R. Bunčić** - ANDRIĆ'S EARLY STORIES WITH ELEMENTS OF ALLEGORY AND SATIRE ....13
2. **Катерина Видова** - ГЛАГОЛСКИОТ ПРИЛОГ ВО УЛОГА НА ПРИЛОШКА ОПРЕДЕЛБА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НЕГОВИТЕ АНГЛИСКИ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ....19
3. **Ана Витанова - Рингачева** - СОБИРАЧИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ОД ЦЕПЕНКОВ ДО ДЕНЕС (НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ) ....27
4. **Бранка Гривчевска** - МОДУЛАЦИЈАТА КАКО ПРЕВЕДУВАЧКА ПОСТАПКА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА РОМАНОТ „ПАЛОМАР“ ОД ИТАЛО КАЛВИНО ....33
5. **Сашка Грујовска-Миланова** - ИНТЕГРАЦИЈА НА ГЕРМАНИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ....43
6. **Јованка Денкова** - СОЦИЈАЛНИТЕ РАСКАЗИ НА АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ И БОРИС БОЈАЏИСКИ ....49
7. **Марија Ѓорѓиева Димова** - ИНТЕРДИСКУРЗИВНИТЕ ДИЈАЛОЗИ НА ЛИРИКАТА ....57
8. **Ивана Ѓоргиева, Александар Нацов** - ГАСТРОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....69
9. **Биљана Иванова, Драгана Кузмановска, Снежана Кирова** ПРЕДНОСТИ ПРИ УЗУЧУВАЊЕТО НА СТРАНСКИ ЈАЗИК ОД НАЈМАЛА ВОЗРАСТ ....75
10. **Билјана Ивановска, Марија Кусевска, Цвета Мартиновска Банде** ЈАЗИЧЕН КОРПУС НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗУЧУВАЧИ ПО АНГЛИСКИ И ГЕРМАНСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ....79
11. **Лела Ивановска** - КРЕАТИВНОСТА ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ....87
12. **Natka Jankova Alagjozovska** - INTERCULTURAL COMMUNICATION CONGITION OF ENGLISH LANGUAGE TEACHERS IN OUR COUNTRY AND ABROAD ....95
13. **Сашка Јовановска** - УСВОЈУВАЊЕ ВТОР ЈАЗИК- ПЕДАГОШКА ГРАМАТИКА ....105
14. **Луси Караниколова-Чочоровска** - „ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ ЛИТЕРАТУРИ“ (ПРЕГЛЕД) ....113
15. **Карначук Ирина Юрьевна** - ПОРЯДОК СЛОВ И ИНВЕРСИЯ КАК СПОСОБЫ ВЫРАЖЕНИЯ ЭКСПРЕССИВНОСТИ ....119
16. **Милена Касапоска-Чадловска -** ГРАМАТИКАТА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ....123
17. **Лидија Ковачева -** ДЕМОНОЛОШКИТЕ ПРЕТСТАВИ КАЈ АСИРЦИТЕ И БАБИЛОНЦИТЕ ....133
18. **Славчо Ковилоски -** ПРОТОТИПИ НА ЖЕНСКИ ЛИКОВИ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ И ФОЛКЛОРОТ ОД XIX ВЕК ....141
19. **Весна Кожинкова -** РЕФЕРЕНЦИЈАЛНОСТА ВО РОМАНОТ „МЕМОАРИТЕ НА АЛБЕРТ АЈНШТАН“ ОД КИРЕ ИЛИЕВСКИ ....149

20. **Кристина Костова, Марија Крстева, Наталија Попзариева, Крсте Илиев, Драган Донев -** ДРАМАТА ВО СРЕДЕН ВЕК КАКО ОСНОВА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО АНГЛИЈА ....155
21. **Мирјана Коцалева, Александра Стојанова, Билјана Златановска, Наташа Стојковиќ -** ПРИМЕНА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ ....163
22. **Весна Коцева -** ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОМУНИКАТИВНИОТ ПРИСТАП ....169
23. **Весна Коцева, Марија Тодорова -** ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ПРИРОДНИОТ ПРИСТАП НА КРЕШЕН И ТЕРЕЛ ....177
24. **Даниела Коцева, Шукрије Барути, Снежана Мирасчиева -** ЈАЗИКОТ И ГОВОРОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНА И ИНДИВИДУАЛНА АДАПТАЦИЈА ....183
25. **Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева -** РЕФЛЕКСИЈАТА НА ОДДЕЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СОДРЖИНИ И ПОЈАВАТА НА НАСИЛСТВО КАЈ ДЕЦАТА ....191
26. **Драгана Кузмановска, Лидија Ристова, Биљана Иванова** МОЌТА НА ФРАЗЕОЛОГИЗМИТЕ ВО СВЕТОТ НА РЕКЛАМИТЕ ....199
27. **Marija Kusevska -** WHERE DIRECTNESS AND INDIRECTNESS RESIDE ....207
28. **Лидия Лумпова -** СООТНОШЕНИЕ ГОЛОСА АВТОРА И ГОЛОСОВ ГЕРОЕВ В ХУДОЖЕСТВЕННЫХ СИСТЕМАХ ТОЛСТОГО И ДОСТОЕВСКОГО (НА МАТЕРИАЛЕ РОМАНА -ЭПОПЕИ Л.Н. ТОЛСТОГО «ВОЙНА И МИР», РОМАНОВ Ф.М. ДОСТОЕВСКОГО «ПРЕСТУПЛЕНИЕ И НАКАЗАНИЕ», «ИДИОТ», «БРАТЬЯ КАРАМАЗОВЫ») ....215
29. **Ранко Младеноски -** ХИПОТЕКСТОТ ВО ПОЕЗИЈАТА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ ....223
30. **К.А. Нагина -** ТВОРЧЕСТВО Л.Н. ТОЛСТОГО В ПРОСТРАНСТВЕ СОВРЕМЕННОГО ФИЛОЛОГИЧЕСКОГО ОБРАЗОВАНИЯ ....233
31. **Георгий Недюрмагомедов** - ФОРМИРОВАНИЕ МЕТАПРЕДМЕТНЫХ УМЕНИЙ УЧАЩИХСЯ ОСНОВНОЙ ШКОЛЫ В ПРОЦЕССЕ УЧЕБНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ ....241
32. **Першина Татьяна Ивановна** - ОРГАНИЗАЦИЯ ПРОЕКТНО-ИССЛЕДОВАТЕЛЬСКОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ ОБУЧАЮЩИХСЯ ПО ГЕОГРАФИИ ....247
33. **Мария Попова** - РОЛЬ И ФУНКЦИИ МУЗЕЕВ В ФОРМИРОВАНИИ СОВРЕМЕННОГО ГУМАНИТАРИЯ ....253
34. **Vesna Prodanovska-Poposka** - ACQUIRING PROPER PRONUNCIATION: AN OVERVIEW OF A SET OF EXERCISES FOR IMPROVING ENGLISH LONG /i:/ AND /u:/ VOWELS ....259
35. **Цветанка Ристова Магловска, Младен Мицевски** ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ КАКО АЛАТКА ЗА ИНСПИРИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ....265
36. **Петја Рогич, Драган Донев** - МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО БУГАРСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА „ВУЈКО ВАЊА“ ОД АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ ВО ОДНОС НА МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО СРПСКИОТ ПРЕВОД ....273

37. **Наташа Сарафова** - ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ ВРЗ ВИДЛИВОСТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (Пример : Норвешка книжевност) ........281
38. **Наташа Сарафова, Марица Тасевска** - АСПЕКТИ НА КНИЖЕВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО НОРВЕШКА ........291
39. **Simona Serafimovska** - STRUCTURE OF THE ENGLISH LANGUAGE TEACHERS AT THE UNIVERSITIES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........297
40. **Елена Владимировна Сидорова** - ЛОГИЧЕСКИЕ ОШИБКИ В ПИСЬМЕННЫХ РАБОТАХ УЧАЩИХСЯ ........305
41. **Александра Стојанова, Мирјана Коцалева, Наташа Стојковиќ, Билјана Златановска** - ПРИМЕНА НА VARK МОДЕЛОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ ........311
42. **Анета Стојановска-Стефанова, Марија Магдинчева-Шопова** - ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ПОЛИТИЧКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ЗА ДРЖАВИТЕ ........319
43. **Aleksandra P. Taneska, Blagojka Zdravkovska-Adamova** CREATING SYLLABUS AND DEVELOPING GRADING CRITERIA FOR MACEDONIAN LANGUAGE FOR PROFESSIONAL PURPOSES AT SEEU ACCORDING TO NEEDS BASED ANALYSIS ........327
44. **Ольга Тихонова** - И.В. ГЁТЕ КАК КИНОПЕРСОНАЖ: К ПРОБЛЕМЕ ДИАЛОГА ЛИТЕРАТУРЫ И КИНО ........337
45. **Марија Тодорова, Весна Продановска-Попоска** - ГЛАСОВНИТЕ СИСТЕМИ НА ШПАНСКИОТ И НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ........345
46. **Емилија Тодоровиќ** - ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАКТИКА:УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА-НОВ КОНЦЕПТ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО ТЕХНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........351
47. **Elena Trajanovska, Maja Gjurovikj, Biljana Ivanova** - STANDARDS-BASED EDUCATION IN ACHIEVING LANGUAGE INTEROPERABILITY ........357
48. **Nina S. Ćeklić** - NARRATIVE-STYLISTIC FEATURES IN THE NOVEL LETTERS TO DANILO KIŠ BY FILIP GAJIĆ ........365
49. **Ульянова Марина Алексеевна** - ГЕНДЕРНЫЕ ОСОБЕННОСТИ СЕМАНТИЧЕСКОЙ СТРУКТУРЫ СЛОВА ВЗГЛЯД ........373
50. **Славица Урумова-Марковска** - ПРОСВЕТИТЕЛСКИОТ ЛИК НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ПРЕДАНИЈАТА И ЛЕГЕНДИТЕ........383
51. **С.Н. Филюшкина, Ж.А. Борискина** - АВТОР В ПУБЛИЦИСТИЧЕСКОМ ПРОИЗВЕДЕНИИ (НА МАТЕРИАЛЕ КНИГИ Г. ГРИНА “Getting to Know the General. The Story of an Involvement”, 1984.) ........391
52. **Наталия Хабарова** - АНГЛИЙСКИЕ ЗАИМСТВОВАНИЯ В СРЕДСТВАХ МАССОВОЙ ИНФОРМАЦИИ ........397
53. **Ольга Швецова** - ЯЗЫКОВЫЕ ОСОБЕННОСТИ «ПЕДАГОГИЧЕСКОЙ ПОЭМЫ» А.С. МАКАРЕНКО ........407
54. **Васко Шутаров** - КУЛТУРА И КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ........415

**UDC 316.774:364.632]:316.64-053.6**

# РЕФЛЕКСИЈАТА НА ОДДЕЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СОДРЖИНИ И ПОЈАВАТА НА НАСИЛСТВО КАЈ ДЕЦАТА

**Даниела Коцева[1], Снежана Мирасчиева[2]**
[1]Вон. проф. д-р, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, Факултет за образовни науки, daniela.jakimova@ugd.edu.mk
[2]Ред. проф. д-р, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, Факултет за образовни науки, snezana.mirascieva@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Современите медиуми овозможуваат подобра комуникација меѓу поединците, ги поврзуваат луѓето, овозможуваат размена на информации, ги прошируваат културните видици, оживуваат стари обичаи, го будат интересот, посебно на младите, за усвојување на научни и културни достигнувања кои ја богатат животната и моралната димензија на младиот човек. Современите медиуми имаат огромно влијание врз развојот на општеството и формирањето на јавната свест. Покрај позитивните влијанија врз развојот на општеството, на површина исппливуваат и многу негативни влијанија, пред се кога неодговорно се користат. Во последно време, посебно телевизијата, продуцира програма исполнета со насилство кое, во секој случај негативно влијае врз развојот на младата личност. Сведоци сме на се позачестено манифестирање на насилството и агресијата насекаде околу нас и во целиот свет, нивното сè позачестено присуство и во практиката и преку мас-медиумите придонесува сè поголем број деца и младинци да практикуваат агресивно однесување кое, во најголема мера е резултат на неговото прикажување од страна на телевизијата. Целта на овој труд всушност е да се утврди колку одделни содржини кои се емитуваат на телевизија влијаат врз креирањето на насилство, посебно помеѓу младите, кои се уште немаат формирани јасни ставови, вредности и верувања.

**Клучни зборови:** *телевизија, насилство, агресија, вредности, млади, општество*

## Вовед

Дваесет и првиот век е век којшто ќе се памети по масовното уништување и насилството што се случува во досега невиден размер, во споредба со кога било, во историјата на човештвото. Од една страна се зборува за демократија и хумани односи, а од друга доминира силата како средство за контролирање на комуникациите и односите меѓу државите и меѓу луѓето. Секако од овој тип на насилство, не беа заобиколени и средствата за масовна комуникација, како во светот, така и кај нас. Сведоци сме на позачестеното прикажување на агресивни и насилни сцени на екраните, што води до јавно прикажување на насилството на екранот. На тој начин, продуцирајќи програма исполнета со насилство, тв екраните имаат негативно влијае врз социјализацијата на младата личност.

Од друга страна средствата за масовна комуникација: филмот, телевизијата, радиото, печатот, како моќни фактори, треба да пренесуваат информативни, едукативни и забавни содржини и сето тоа да е во функција на сè по нагласените потреби на современиот човек, да биде известен за значајните општествени процеси, да ја развива својата личност и, во слободните часови, да го исполни своето време со содржини со кои може да се забавува и да се рекреира.

Помеѓу научниците постојат контроверзни ставови за улогата на мас-медиумите врз личноста. Според едни, средствата за масовна комуникација немаат посебно влијание врз младите, за разлика од други кои сметаат дека средствата за масовна комуникација остваруваат катастрофални последици на младите и преставуваат одлучувачки фактор за агресија и за криминал кај младите. Во овој труд, конкретно ќе се осврнеме на влијанието на телевизијата како медиум, пред се на одредени содржини кои се емитуваат и како такви влијаат на појава на насилно однесување кај младите.

**Дефинирање на основните поими**

За да се направи поточна паралела помеѓу насилството и агресивното однесување прикажано од мас-медиумите, посебно на телевизијата, најпрво треба да се појаснат основните поими употребени во овој труд: насилство, агресија, мас-медиуми, телевизија, се со цел да се согледаат нивните основни карактеристики и нивното влијание денес, во современото општество.

Насилството е вид на социјално дејствување (физичко или вербално) насочено кон повредување, злоупотреба или убивање на некого или за оштетување на нечија сопственост и посед, по пат на примена на физичка, психичка или друг вид на сила. Етиолошки, поимот насилство потекнува од поимот сила, односно примена на нецелесообразна, не упатена сила врз некого за да стори нешто што не се сака или е спротивно на неговата волја. Светскиот извештај за насилство и здравје го дефинира насилството како: намерна употреба на физичка сила или моќ, со закана или конкретно загрозување, против себе, друго лице, група или заедница чија последица или веројатност за последица е повреда, смрт, психолошка штета, спреченост за развој или каква било загуба.

Hesnard при дефинирањето на поимот на насилство доаѓа до истата констатација дека во самата структура на насилничкото однесување се наоѓа агресијата, па така тој го дефинира насилството на следниов начин: насилството претставува екстремен облик на агресија која се изразува како нелегитимна и неоправдана примена на сила (физичка и психичка), кое се манифестира како организирано или спонтано, ритуално (во случај на крвна одмазда) или како безочно насилство, а во поново време се јавува и како инструментализирано (уцени, грабнувања).

Професорот Лазароски истакнува дека (Лазароски, 1997) постојат два вида сили што го поттикнуваат и го контролираат човечкото однесување, а тоа се позитивни и негативни, кои се проследени со различни емоции и, врз основа на тие сили луѓето се однесуваат алтруистички (просоцијално) или агресивно (антисоцијално). Според Лазаревски (Лазароски, 1997: 75), агресивното е такво однесување кое се манифестира со напад на друга личност, а со намера да и се нанесе штета или таа да се повреди. Емоцијата на гнев е карактеристична психичка реакција на агресивниот импулс, а самото агресивно однесување е следено со задоволување во самиот агресивен акт.

Телевизијата е изум што е на дофат на рацете, се вклучува или исклучува по желба, кој информира, разонодува, упатува на нешто, а сето тоа човек го постигнува мирно, седејќи или лежејќи. Телевизијата како медиум внесува нови елементи во сферата на комуникацијата. Јавниот живот во општеството го пренесува во семејството, притоа го прави човекот пасивен слушател. Во однос на другите мас-медиуми, е најбрза, најеластична и најажурна во пласирањето информации. Таа е универзален медиум кој влијае во сите области на општествениот живот и е современо средство за масовна комуникација**.**

**Влијанието на телевизијата врз однесувањето кај децата**

Во понатамошното излагање ќе се задржиме на влијанието на телевизијата врз човековото однесување. Најголемо внимание во однос на влијанието на телевизијата врз однесувањето на луѓето се посветува во однос на децата, односно се поаѓа од ставот дека телевизијата има изразено негативно влијание врз однесувањето на младите. Особено постои загриженост за тоа дека тие можеби најмногу се поттикнувани да извршат насилство, а при тоа да имаат отсуство на чувство кон последиците од чинот на насилство. Педагози, психолози и социолози извршиле многубројни истражувања, се со цел да ја докажат или да ја отфрлат хипотезата за негативното влијание на телевизијата врз однесувањето на децата. Многубројни лабораториски експерименти, кои се обидуваат да ги одредат ефектите од гледање насилство врз децата, покажуваат дека децата навистина го имитираат она што ќе го видат на телевизија. Во друга студија од 1958 година, посветена на деца што повеќе часови во денот гледаат телевизија во рок од една година , не се пронајдени докази дека кај децата се јавила склоност кон насилство, но регистрирана е зголемена нервоза во оние ситуации кога децата гледале сцени на насилство.

Според Браун и Чејни (Brown and Chene,1987) постојат многубројни посреднички фактори што влијаат врз ефектите на телевизијата врз поединците. Индивидуите се оние што сами го определуваат степенот на изложеност на телевизијата и многу се разликуваат по својата перцепција на она што го гледаат и по важноста што му ја придаваат. Кај возрасните кај кои постојат веќе формирани ставови, се врши селекција на она што треба да се гледа, што доведува до понатамошно зацврстување на веќе формираните ставови, што не е случај со децата кај кои процесот на формирањето на ставовите и вредностите воопшто не е завршен.

Прашањето кое се наметнува е: дали континуираната изложеност на агресија преку филм или телевизија е причина за зголеменото агресивно однесување кај гледачите и каков е ефектот од гледањето на филмови или емисии со агресивно однесување на соодветното однесување на гледачите? Според Лазароски (Лазароски, 1997:109), големиот број истражувања покажуваат дека изложеноста на агресивно однесување преку мас-медиумите може да биде фактор кој придонесува за повисок степен на насилство. Во прилог на ова, би го изнеле и ставот дека големиот број детски маскенбали го потврдуваат тоа., бидејќи најчесто децата се облечени како своите омилени јунаци од екраните (Спајдермен, Супермен, Покемон и сл), вооружени со пластични пиштоли и со мечеви кои симболизираат сила и моќ. Ова е дополнителен доказ за моќта што ја имаат мас-медиумите, посебно телевизијата. Мас-медиумите се јавни, а тоа значи дека емисиите кои ги прикажуваат и пораките кои ги емитуваат им се достапни на сите.

За влијанието на телевизијата врз однесувањето на младите, посебно за прикажувањето агресија на телевизијата, говорат и препораките што ги предлага Советот за радиодифузија, како мерки, заради спречување на прикажувањето сцени со агресивно и со насилничко однесување на телевизијата. Според Предлог-проектот, изработен од страна на Џокиќ и Стојаноски (Џокиќ, Стојаноски, 2001:4), на Советот за радиодифузија, се препорачува додавање на членот 35 според кој:

- сите содржини на телевизијата треба да бидат на потребно воспитно и естетско ниво;
- во програмата, не смеат да се прикажуваат непристојни содржини, особено агресија, насилство и порнографија;
- во програмата, не можат да се емитуваат емисии кои можат штетно да влијаат врз телесниот, духовниот и моралниот развој на децата и на младинците.

Целта на овие препораки е да се спречи прикажувањето насилнички сцени на ТВ-екраните бидејќи тоа води кон слабеење на моралните вредности кај луѓето.

**Какви содржини нуди телевизијата?**

Се почесто сме сведоци на масовната култура која средствата за масовни комуникации неминовно ја пренесуваат и распространуваат. Се почесто се доведуваме во позиција да ја преиспитуваме вредноста на содржините кои се пренесуваат, како и целта на истата. Масовната култура станува стандардизиран кич, комерцијализиран производ за стекнување на профит, распространета од средствата за масовна комуникација, наменета за масовна потрошувачка, влијае врз еднолично однесување и е во функција на слободното време. Популарноста на масовната култура може да се објасни со тоа што таа е, пред се, забавна или информативна, односно, таа не произведува подлабоко естетско и сознајно доживување, туку ги задоволува само површинските слоеви на рационалноста и емотивноста. Медиумите пред се телевизијата како никогаш до сега обезбедува контакт со изобилство од информации, кои не мора да се точни или вистинити, но го доведуваат човекот во заблуда дека е информиран за се што се случува во светот. Посебно во последно време, агресијата и насилството играат голема улога во медиумското известување. Сè почести се случаите кога јавноста е бомбардирана со сцени на насилство, главните јунаци се главно црни херои на нашето секојдневие и сето тоа се прикажува главно во ударните термини, во период кога поголемиот дел од публиката е пред телевизиските екрани.

Сите такви телевизиски содржини кои директно прикажуваат или асоцираат на насилство (изведено преку убиство, самоубиство, ранување, повредување и слично) претставуваат директна основа за создавање психичка траума врз личноста на детето и на младинецот и за формирање, кај него, на една искривоколчена слика за вредностите која не соодветствува со реалниот морален поредок. Ова посебно се однесува на сцените и на содржини кои го величаат агресивното и насилното однесување, како метод на избор во разрешувањето на конфликти. Слободно може да се претпостави дека сцените со агресија и со насилство, покрај погрешната слика што ќе ја создадат кај младите, можат и да ги научат нив на техниките на вршење престапи и да

дејствуваат сугестивно, наведувајќи ги децата и младите да поддржуваат вакви дела како израз на сопствената агресија.

Ако ги анализираме содржините на телевизија, она што го воочуваме се сапуници, вести, реклами. Многу малку од содржините, скоро и воопшто да не постојат, со воспитно-едукативни, содржини или содржини кои имаат естетска и морална вредност.

Од социолошки аспект рекламирањето содржи две основни општествени функции: информирање и поттикнување на потрошувачката. Рекламата води кон манипулација со луѓето, да купуваат без разлика дали тоа што го купуваат им е потребно или не. Највисок облик на вештина да се убеди некој во нешто, а притоа да не стане свесен дека е убеден. Со поттикнувањето на потрошувачката, рекламирањето игра важна улога во промоцијата на материјалистичките вредности. Најголема моќ рекламите имаат кај најмалите. Често сме сведоци на манипулативната моќ на телевизијата каде преку рекламирање на играчки, храна, облека има силна реакција кај децата. Всушност имаме јасна таргет група преку која се реализира целта и на производителот и на медиумот. Затоа се што е видено на телевизија е веќе купено или пробано, и од страна на децата и од страна на родителите. Така што манипулативната цел, многу бргу и едноставно се постигнува токму преку рекламите за деца.

На информативните телевизиски програми голем простор им се дава на вестите што се главно поврзани со насилство. Правилото „лошата вест е добра вест“, станува вообичаено во емитувањето на вестите. Потоа, веста се пренесува со голема доза на драматичност, конфликтност, недореченост, која упатува на следната информација, состојба што е постојано отворена и која поттикнува на постојана заинтересираност и консумирање информации. Имено, телевизијата како и секој друг медиум, не е неутрална, туку претпоставува селекција и интерпретација. Случајот може да биде претставен како трагедија, несреќа катастрофа, и тоа да биде проследено со соодветен тон и ритам. Насилството може да биде силно драматизирано на начин, како настанот што се прикажува. Потоа, насилството може да остане неразјаснето или тоа да биде претставено на неадекватен начин.

Телевизијата не е медиум кој само едноставно прикажува некој настан, туку може да му придодаде многу елементи, тенденциозно, со одредена идеја, да го преувеличува или да не му даде никакво значење, да го претстави како нормално. Насилните содржини и хорор приказни и настани прикажани во вестите, драматично влијаат и врз ставовите на возрасните и децата. Постојаното слушање на црни хроники влијае депресивно врз гледачите, буди негативни чувства, емоции, вознемиреност и анксиозност.

Насилството се сретнува и во филмовите, ТВ-сериите, анимирани програми. Насилството во филмовите е најприсутно, особено во филмовите на страв и ужас, во воени, во акциски и во криминалистички. Во филмот насилството може да има и „позитивно“ значење. Во анимираните програми, кои главно се наменети за децата, филмови од типот на Том и Џери, Брзиот Гонзалес, дејството се сведува на игра и забава. Но, тие не се само забавни туку изобилуваат со насилство, шират страв, чувство на одмазда, што е интересно и за оние што ги воспитуваат децата. Најчесто децата по пат на имитација се соживуваат со главните ликови и го имитираат нивното однесување и во домот и надвор од него. Наместо воспитно-образовни содржини, најчесто се изложени на содржини

кои изобилуваат со насилство кое битно го обликува нивното однесување и восприемање на карактерни особини од главните ликови. Затоа и медиумите, но и родителите треба да се претпазливи пред се што го изложуваат своето дете. Филмовите со такви содржини можат да ги поведат младите во фиктивен свет, да ги оптоварат со нереални мотиви и да ги потхранат нивните негативните навики, вредности, ставови. И во светот и кај нас, во просек, луѓето гледаат дневно 4 до 5 часа телевизија и, за разлика од другите медиуми, телевизијата кај гледачите го буди чувството дека она што се гледа е реално. Влијаниета на телевизијата се зголемува особено последниве децении, а причината за тоа се големиот број приватни телевизии и кабелски оператори. Во голем број семејства има по два телевизора, при што родителот тешко може да го контролира детето што гледа. Посебно што и детските серии изобилуваат со насилство, а тие, преку реклама и наградни игри, ги стимулираат децата да ги гледаат, а во најголем дел тие серии продуцираат агресивно однесување.

Психијатарот Звонко Џокиќ (Џокиќ, 2001:14) смета дека 4 процеси се вклучени кога детето е изложено на насилство преку мас-медиумите кои влијаат врз стимулирањето на агресивноста: • при изложеноста на насилство преку мас-медиумите, слабее инхибицијата на гледачот за ангажирање во слично однесување какво што е гледаното;

- се учат нови техники за атакување врз други што не биле познати порано;
- гледањето други агресивни акти силно влијае врз гледачот тој да добие други дополнителни агресивни идеи и мисли;
- континуираната изложеност на насилство преку мас медиумите може да ја редуцира емоционалната сензитивност на насилството и на трагичните последици на агресијата и таа го олеснува ангажирањето на гледачот во агресивни акти против други.

Како поткрепа на продуцирањето филмови со неетичка содржина придонесуваат и кабелските оператори. Според Советот за радиодифузија, во Македонија има 1 државна телевизија и 4 телевизиски куќи кои имаат национална концесија,. што значи дека можат да емитуваат програма на територијата на целата држава. Во секој град во државава има приватна телевизија, а во некои и по неколку, и тоа во Скопје има 10 приватни телевизии и 17 радија, во Тетово, 5 приватни телевизии, во Куманово, 4 приватни телевизии, во Штип 3 итн., а, покрај тоа, има и голем број кабелски оператори. Сето ова придонесува да бидат емитувани програми со најразлична содржина, при што не може да се влијае на изборот и на квалитетот на програмата. Од друга страна, малку им се посветува внимание на препораките за неемитување емисии со насилно и со агресивно однесување и емисии кои ги рушат моралните кодекси на едно општество. Сето ова придонесува да бидат емитувани програми со најразлична содржина, при што не може да се влијае на изборот и на квалитетот на програмата. Од друга страна, малку им се посветува внимание на препораките за неемитување емисии со насилно и со агресивно однесување и емисии кои ги рушат моралните кодекси на едно општество.

Ова укажува на фактот дека ние, секојдневно, сме бомбардирани од страна на телевизиите и на другите медиуми со информации кои покажуваат насилство, агресија и лажен морал. Затоа, потребни се низа активности заради спречување на тој тренд. Не смееме да бидеме неми сведоци на случувањата.

**Заклучок:**

Факт е дека сите ние, секојдневно сме помалку или повеќе изложени на насилство, но многу малку работиме и во поглед на превенција и во поглед на акција за спречување на истото. Дотолку што голем број млади овие насилни обрасци ги усвојуваат како нови модели на однесување, како сосема нормално и очекувано. Оставајќи ги работите такви какви што се, младите сѐ повеќе ќе прифаќаат деструктивен начин на однесување кој ќе влијае негативно и врз нивната личност како социјални и како морални битија.

Еден од начините да се намали насилството во медиумите е да се започне најпрвин со трансформација мас-медиумите и нивно приспособување кон нормативи кои ќе придонесат за нивното правилно восприемање од страна на младите. Голем број на земји преземаат административни и други мерки кои или го забрануваат прикажувањето на одредени филмови или на младите им се забранува гледање на такви филмови.

Од таа причина постои потреба од систематска работа на решавање на овој проблем, во кој ќе бидат вклучени сите институции на системот, пред се телевизијата како средство за комуникација. Оттаму е потребно да се работи и на едукација на масовните медиуми, посебно на телевизијата, која ќе се однесува на оспособување за детекција, интервенција, превенција на различни девијантни, деструктивни, насилни, агресивни содржини, содржини кои можат, преку прикажаната агресија и насилство да предизвикаат психолошка, морална и развојна траума, како и во сите програми за деца и млади да се препорачуваат содржини кои ќе го јакнат здравиот идентитет и моралните вредности. Повеќе од било кога потребни се содржини кои ќе овозможат подобра комуникација меѓу поединците, ќе ги поврзуваат луѓето, ќе овозможат проширување на културните видици, ќе го будат интересот, посебно на младите, за усвојување на научни и културни достигнувања, содржини кои ќе развиваат и негуваат интелектуални, работни, општествено-политички и морални ставови, навики и интереси за успешно вклучување во позитивните општествени процеси и односи.

**Користена литература**

1. Лазароски, Ј., (1997), *Алтруистичко и агресивно однесување* , Скопје: Матица македонска
2. Матевски, З., (2000), *Масмедиумите и наставата* , Скопје: ЗСМ.
3. *Социолошки Терминолошки речник* , (1995), Скопје: МАНУ
4. Темков, К., (1999), *Етиката денес* , Скопје: Епоха
5. Џокиќ, З., Стојаноски, Н., (2001), *Препораки за заштита на децата и младите од насилството и порнографијата на телевизијата* , Скопје: СРД
6. Петрова - Ѓ., Е. (2007). *Современото училиште и моралното воспитание.* Штип: Педагошки факултет;
7. Сулејманов,З., & Стојановски, Н. (2002). *Социјална патологија.*Скопје: Филозофски факултет;
8. Bašić,J. (2009).*Teorije prevencije:prevencija poremećaja u ponašanju I rizičnih ponašanja djece I mladih*.Zagreb: Skolska kniga
9. Milosavljevic, M.(2004) *Zlostavljanje I zanemarivanje dece.Socijalno-humanitarno „Sačuvajmo decu“*.Beograd: Intergraf MM

**10.** Marshall, M. (2007). *Razumevanje medija,* Zagreb: Golden marketing – Tehnicka Knjiga;
**11.** McQuail, Denis (1992), *Media performance: Mass communication and the public interest.* London: Sage;
**12.** McQuail, Denis (1994), *Mass communication theory: an introduction,* London: Sage Publications;
**13.** Tomic, Z., (2003*), Komunikologija*, Beograd: Cigoja stampa;
**14.** Ацески, И., (2013), *Социологија,* Скопје: Филозофски факултет;
**15.** Петровски, В., (2006), *Социологија*, Штип: Педагошки факултет
**16.** П.етровски, В., Мирасчиева., С., (2013) *Мултикултурализам и интеркултурна комуникација*, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип